# TERMS OF REFERENCE (ToR)

## Ангажирање на лице за изработка на онлајн база на експерти во областа на животната средина

### 1. Нарачател и контекст

Нарачател на услугата е Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН – Центар за еколошка демократија (во понатамошниот текст: ФЛОРОЗОН), во рамки на проектот „Зајакнато граѓанско учество во заштитата на животната средина“, финансиски поддржан од страна на Expertise France.

Во практиката, носителите на права (граѓани, локални заедници, граѓански организации) често немаат пристап до специјализирано знаење (води, биодиверзитет, урбанизам, еколошко право, климатски прашања и сл.) потребно за подготовка на квалитетни, научно/стручно поткрепени коментари во постапки на јавни консултации и донесување одлуки во животната средина. Затоа се предвидува изработка на онлајн база на експерти кои се подготвени да дадат стручна поддршка во вакви процеси.

### 2. Цел на ангажманот

Да се изработи и објави структурирана онлајн база (документ) со 80–100 експерти од факултети, државни тела, независни институции и професионални здруженија, со јасни категории и профили, како долгорочен ресурс за поддршка на јавни консултации и граѓанско учество.

### 3. Опфат на работа (задачи)

Ангажираното лице ќе ги спроведе следниве задачи:

### 3.1. Подготовка и поставување рамка

- Кик-оф состанок со ФЛОРОЗОН и усогласување на работниот план, пристап и рокови.
- Дефинирање структура на базата (категории/теми, типови експерти, формат на профил).
- Дефинирање критериуми за вклучување во базата (подобност) и кратки правила за користење.

- Подготовка на текст за приватност и согласност (објава на податоци по согласност; ограничување на видливост на контакт детали каде што е потребно).

**3.2. Фаза 1 – Примарна идентификација (desk research)**

- Мапирање релевантни експерти/институции (универзитети, истражувачи, правници, инженери, урбанисти, екологисти, климатски експерти, јавни службеници и др.).
- Изработка на првична листа (longlist) со основни податоци од јавно достапни извори.

**3.3. Фаза 2 – Секундарна идентификација (онлајн формулар)**

- Подготовка на содржина за онлајн формулар за пријавување (прашања + воведен текст + согласност).

**3.4. Валидација и финализација**

- Преглед на пристигнати пријави и проверка на исполнетост на критериумите.
- Чистење на податоци (дупликати, некомплетни записи, стандардизација на формати).
- Подготовка на финална база со 80–100 валидарани записи, подготвена за објавување на веб-страниците на партнерите.

**3.5. Една ревизија/ажурирање (во текот на проектот)**

- Една планирана ревизија на базата: ажурирање контакти/достапност (по согласност), дополнување/корекција на записи, отстранување невалидни записи.

**4. Очекувани резултати и испораки (Deliverables)**

Ангажираното лице во рамките на договор за ангажман, треба да ги достави следниве продукти:

1. Inception note / краток план за работа (1–2 страници) со предложена структура и категории.
2. Критериуми за вклучување + текст за приватност/согласност (подготвени за објавување).
3. Првична листа од desk research (работна верзија – Excel/Sheet).
4. Содржина за онлајн формулар (прашања + вовед + согласност).
5. Финална база на експерти (80–100 записи) во PDF (за објава) и уредлив формат (Excel/Word/Google Sheet) – „master“ документ.

6. Краток завршен извештај (3–4 страници) за методологија, опфат, дисеминација и препораки за одржување.
7. Ажурирана верзија на базата (по една ревизија) + кратка белешка што е ажурирано.

**5. Временска рамка и ангажман**

Вкупен ангажман: 11 работни (експертски) денови.

- Предложена распределба на денови:
    - 8 дена – изработка и финализација на базата (desk research + формулар + валидација + финален документ).
    - 3 дена – една ревизија/ажурирање на базата во текот на проектот.

Точниот календар се утврдува со ФЛОРОЗОН по изборот на кандидатот/ката.

**6. Раководење и координација**

Експертот/ката работи под координација на Проект координаторот на ФЛОРОЗОН. Сите клучни документи (критериуми, структура, финална база) се усогласуваат со ФЛОРОЗОН пред објавување.

**8. Договорни услови и известување**

Ангажманот ќе се реализира преку договор за дело/услуги. Експертот/ката доставува timesheet за ангажманот (11 дена) и испораки согласно точка 4, како и краток завршен извештај.

Скопје,

15.02.2026